# АДИНГПОКС 1Т

*Тиксотропно двокомпонентно епоксидно лепило за градежни материјали*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Адингпокс 1Т е висококвалитетно тиксотропно епоксидно лепило со одлична лепливост. Се применува за остварување на јаки конструктивни врски во градежништвото, постигнување висока адхезија и формирање одлична механичка отпорност. Се применува за лепење на мермер, гранит, цврст природен камен, бетонска галантерија, метал, железо, алуминиум, стакло и други градежни материјали на подлоги од бетон. Се користи за санација на мали бетонски површини, за глетување и фугирање.

## СВОЈСТВА

- Двокомпонентно лепило на база на епоксидна смола;
- Одлична адхезија за подлогата;
- Висока јакост на притисок;
- Висока јакост на свиткување;
- Водонепропустлив;
- Отпорен на разредени киселини и бази;
- Отпорен на солена вода;
- За лепење на подни и ѕидни површини;
- За лепење на суви подлоги, со максимална влажност на подлогата до 5%;

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед (А+Б) | - | Обоена вискозна смеса |
| Однос на мешање | - | А : Б = 4,7 : 1 |
| Отворено време на работа при температура од 20°C до 25°C | - | 30 - 35 min |

## ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГА

Подлогата на која се нанесува Адингпокс 1Т, треба да биде сува, чиста, обезмастена, обеспрашена и без остаток на цементно млеко или остатоци од други материјали. Подлогата треба да е стабилна и здрава, без ронливи и лабилни делови кои би ја нарушиле цврстата врска. Доколку се нанесува на метална подлога, потребно е да биде чиста – без р‘ѓа.
Подлогите од бетон и цементен малтер, треба да бидат одлежани 28 дена од нивната изведба, за да се обезбеди потребната јакост од мин. МБ30 и влажност на подлогата од максимум 5%.
Треба да се внимава, на површината на подлогата да нема присутна влага од кондензација на воздухот. Температурата на површината врз која се нанесува Адингпокс 1Т треба да е повисока од 8°C.

## ВГРАДУВАЊЕ

Материјалот се припрема со додавање на Б компонентата во А компонентата, при што смесата се меша со електричен мешач (300 до 500 вртежи/мин). Да се внимава да не се вовлекува воздух во смесата при нејзиното мешање. Смесата се меша до потполна хомогенизација т.е. до добивање униформно замешан материјал.
Задолжително да се внимава на отвореното време на работа на материјалот, кое изнесува 30 до 35 минути при температура од 20°C до 25°C, за еден сет од 4,85 kg.
Материјалот пред да се замеша за употреба, треба да се чува на соодветна температура (од 10°C до 30°C).



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

Нанесувањето на материјалот се врши со глетарка, шпахтла или четка во тенок слој. Максимална дебелина на нанесен слој од Адингпокс 1Т е 3mm. При лепење на вертикални површини задолжително да се користат подпирачи.
При лепење на гранитни, мермерни и останати градежни производи со големи тежини на вертикални површини, задолжително е механичко прицврстување на истите. Лепењето со Адингпокс 1Т е пожелно да биде на рапава површина.
Амбиенталната температура при изведба на работите треба да се движи во границите од 10°С до 30°С, температурата на подлогата треба да е повисока од 8°С и релативна влажност од max 65%.

## ПОТРОШУВАЧКА

За слој од 1mm: 1,15 – 1,20 kg/m²

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со Растворувач П, веднаш по употребата.

## ПАКУВАЊЕ

Во сет А + Б: 4,85 kg
А компонента: 4,00 kg
Б компонента: 0,85 kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 10-30°С. Рок на употреба: 9 месеци.

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата и очите, како и директно вдишување на А и Б компонентата. При инцидентен контакт, производот треба веднаш да се отстрани со сува крпа или благо наквасена со Растворувач П, а потоа местото добро да се измие со чиста вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со чиста вода и да се побара медицинска помош. Потребно е да се обезбеди проветрување на просториите каде што се работи со смоли и растворувачи. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Пожар: Адингпокс 1Т и Растворувач П, не треба да се користат во близина на отворен оган или да се пуши за време на вградувањето. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Адингпокс 1Т се чистат со Растворувач П. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад. Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на адекватна опрема. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.



АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

www.ading.com.mk